# РАСПРЕДЕЛБА НА КРЕДИТИ И ОБВРСКИ ПО СЕМЕСТРИ

| I семестар | III семестар | V семестар |
|---|---|---|
| 1. Предмети за стекнување генерички знаења<br>(3 предмети по 4 ЕКТС – 12 ЕКТС)<br><br>2. Предмети од полето и обласста на истражување<br>(3 предмети по 6 ЕКТС - 18 ЕКТС)<br><br>МАКСИМУМ 30 ЕКТС во II семестар<br>(од предмети)<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС | - Подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација<br>– 28 ЕКТС<br><br>- Пишување на труд со рецензија – 2 ЕКТС<br>(се пишува и се рецензира во III семестар, а се презентира во IV семестар)<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС | - Истражување и објавување резултати<br>– 28 ЕКТС<br><br>- Пишување на труд со рецензија – 2 ЕКТС<br>(се пишува и се рецензира во V семестар, а се презентира во VI семестар)<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС |
| **II семестар** | **IV семестар** | **VI семестар** |
| 2. Предмети од полето и обласста на истражување<br>(2 предмети по 6 ЕКТС - 12 ЕКТС)<br><br>- Докторски семинар со презентација – 2 ЕКТС<br>- Истражување (за подготовка на темата за докторска дисертација) – 14 ЕКТС<br>- Годишна конференција со презентација на извештај – 2 ЕКТС<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС | - Работилница – 3 ЕКТС<br>(може да се прифати учество на семинари и конференции дури и ако не е презентиран труд)<br><br>- Истражување и објавување резултати<br>– 25 ЕКТС<br><br>- Годишна конференција со презентација на рецензиран труд – 2 ЕКТС<br>(презентирање на рецензираниот труд од III семестар)<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС | - Работилница – 3 ЕКТС<br>(може да се прифати учество на семинари и конференции дури и ако не е презентиран труд)<br><br>- Истражување и пишување на тезата<br>– 25 ЕКТС<br><br>- Годишна конференција со презентација на рецензиран труд – 2 ЕКТС<br>(презентирање на рецензираниот труд од V семестар)<br><br>ВКУПНО 30 ЕКТС |

* забелешка
Вкупно 8 предмети поделени во I и II семестар
- 3 генерички предмети по 4 ЕКТС - 12 ЕКТС
- 5 специфични предмети по 6 ЕКТС - 30 ЕКТС

| |
|---|
| **I семестар**<br><br>- 3 предмети за стекнување на генерички знаења со 4 ЕКТС (вкупно 12 ЕКТС)<br>1. Научноистражувачка етика<br>2. Методологија на научноистражувачката работа<br>3. Уште еден изборен предмет од групата на генерички предмети<br><br>- 3 предмети од полето и областа на истражување со 6 ЕКТС (вкупно 18 ЕКТС)<br><br>**ВКУПНО 30 ЕКТС** |
| **II семестар**<br><br>- 2 предмети од полето и областа на истражување со 6 ЕКТС (вкупно 12 ЕКТС)<br><br>- Докторски семинар и годишна конференција со презентација – 4 ЕКТС<br><br>Студентот за семинарот и конференцијата во II семестар треба да го подготви следново:<br>- Пријава (може да се симне од www.ukim.edu.mk)<br>- Една страна текст (хипотеза и апстракт)<br>- Трудот (Times New Roman, 11, line spacing single) треба да содржи:<br>    - насловна страна<br>    - хипотеза, елаборација и апстракт<br>    - референци<br>- Power point презентација<br><br>- Истражување за подготовка на темата за докторската дисертација – 14 ЕКТС<br><br>**ВКУПНО 30 ЕКТС** |

**III семестар**

- Подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација – 28 ЕКТС

- Пишување на труд со рецензија – 2 ЕКТС (се пишува и се рецензира во III семестар, а се презентира во IV семестар)

Студентот за семинарот во III семестар треба да го подготви следново:
- Пријава (може да се симне од www.ukim.edu.mk)
- Пишан труд (Times New Roman, 11, line spacing single) од 4 до 10 страни текст кој треба да се рецензира на ниво на Советот на студиската програма.

**ВКУПНО 30 ЕКТС**

**IV семестар**

- Работилница од истражувачка практика – 3 ЕКТС

Работилниците се организираат на ниво на студиската програма.
(Може да се прифати учество на семинари и конференции дури и ако докторандот не е презентирал труд и бил само гостин)

- Истражување и објавување резултати – 25 ЕКТС

- Годишна конференција со презентација на рецензиран труд – 2 ЕКТС (презентирање на рецензираниот труд од III семестар)

Студентот за конференцијата во IV семестар треба да го подготви следново:
- Пријава (може да се симне од www.ukim.edu.mk)
- Power point презентација

**ВКУПНО 30 ЕКТС**

| |
|---|
| **V семестар**<br><br>- Истражување и објавување резултати – 28 ЕКТС<br><br>- Пишување на труд со рецензија – 2 ЕКТС (се пишува и се рецензира во V семестар, а се презентира во VI семестар)<br><br>Студентот за семинарот во V семестар треба да го подготви следново:<br>- Пријава (може да се симне од www.ukim.edu.mk)<br>- Пишан труд (Times New Roman, 11, line spacing single) од 4 до 10 страни текст кој треба да се рецензира на ниво на Советот на студиската програма.<br><br>**ВКУПНО 30 ЕКТС** |
| **VI семестар**<br><br>- Работилница од истражувачка практика – 3 ЕКТС<br><br>Работилниците се организираат на ниво на студиската програма.<br>(Може да се прифати учество на семинари и конференции дури и ако докторандот не е презентирал труд и бил само гостин)<br><br>- Објавување резултати – 25 ЕКТС<br><br>- Годишна конференција со презентација на рецензиран труд – 2 ЕКТС (презентирање на рецензираниот труд од V семестар)<br><br>Студентот за конференцијата во VI семестар треба да го подготви следново:<br>- Пријава (може да се симне од www.ukim.edu.mk)<br>- Power point презентација<br><br>**ВКУПНО 30 ЕКТС** |

Потребно е студентите да ги имаат реализирано сите обврски и активности по семестар и истите да бидат врификувани во индекс.

Докторски семинари и конференции

Согласно структурата на студиските програми од трет циклус докторски студии, докторските семинари и конференции се реализираат во II, III, IV, V и VI семестар.
Целта на семинарите и конференциите е да се следи работата на докторандите на своите докторски дисертации уште при подготовка на темата, а потоа и во текот на истражувањето.
Придобивките од семинарите и конфернциите се за самите окторанди, при што им се укажува и сугерира во правец на поквалитетно изработување на трудот кој е предмет на запишаните докторски студии.

Работилници од истражувачка практика

Согласно структурата на студиските програми од трет циклус докторски студии, работилници од истражувачка практика се реализираат во IV и VI семестар.
Работилниците се организираат на ниво на студиската програма. Валоризацијата на кредитите за работилниците ја врши раководителот на студиската програма и менторот.

Активностите поврзани со пријавувањето и изработката на докторската дисертација опфаќаат:

- истражување за подготовка на темата за докторската дисертација (во II семестар) – 14 ЕКТС
- истражување, подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторската дисертација (во III семестар) – 28 ЕКТС
- истражување и објавување на резултати (во IV семестар) – 25 ЕКТС
- истражување и објавување на резултати (во V семестар) – 28 ЕКТС
- истражување и пишување на тезата (во VI семестар) – 25 ЕКТС

По остварени 42 ЕКТС (од 3 генерички предмети по 4 ЕКТС – 12 ЕКТС и 5 предмети од потесната област по 6 ЕКТС – 30 ЕКТС) и најмалку 4 ЕКТС од докторски семинар и годишна конференција, студентот преку советот на студиската програма до наставно-научниот совет ја поднесува пријавата на тема за изработка на докторска дисертација.